**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 11-469/5**
**Скопје, 08.08.2005 година**

**УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Уставен суд на Република Македонија за 2004 година, кои се прикажани на страните 5 и 6.
2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија, како и согласно член 556 од Законот за трговски друштва.
3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Уставен суд на Република Македонија за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.
4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Д-р Стојмен Михајловски - Генерален секретар на Уставен суд на Република Македонија
5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 4, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.
6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 04.05 до 31.05.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Бранислав Гулев, Помошник главен државен ревизор, овластен државен ревизор,
   - Доста Скендерова, овластен државен ревизор,
   - Соња Камбовска, ревизор,
7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:
   - дали финансиски извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Од страна на Уставниот суд на Република Македонија добиени се забелешки, број 613/05 од 08/07/2005 година, кои се однесуваат на одговорното лице наведено во извештајот и на точката 10.1.2. од Претходниот извештај, при што ревизијата ја прифатија забелешката за промена на одговорното лице, додека не се прифатени забелешките кои се однесуваат на наведената точка од Претходниот извештај.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

**11.1. Законско и наменско користење на средствата**

11.1.1. Од ставката Плати, наемнини и надоместоци, без законски основ извршена е исплата на средства во вкупен износ од 2.119 илјади денари и тоа:

- согласно Заклучокот од четириесетата седница на Владата исплатени се надоместоци во вид на паушал на секретарот и советниците во вкупен износ од 529 илјади денари;

- согласно Заклучокот од четириесет и втората седница на Владата исплатени се средства во поголем износ од 1,590 илјади денари заради вклучување на паушалот во нето платата на претседателот и судиите.

**Препораки и мерки:**

Одговорното лице да одобрува исплата на плати и надоместоци согласно законските прописи.

11.1.2. Со увид во начинот на примената на постапките за јавни набавки ревизијата го утврди следното:

- Со увид во прометот на позицијата Обврски спрема добавувачите ревизијата констатира дека 68% од вкупниот побарувачки промет во износ од 3,778 илјади денари се однесува на набавки кои подлежат на одредбите на Законот за јавни набавки, при што набавките во износ од 2,997 илјади денари се извршени без целосно спроведување на постапките од законот за јавни набавки.
  Структурата е дадена во ***Графикон 1***.

**Графикон 1**




- За набавките во износ од 2,997 илјади денари, повреден е или воопшто не е почитуван Законот за јавни набавки, прикажано во ***Графикон 2.*** Ревизијата беше информирана од страна на Комисијата за јавни набавки, дека во одредени случаи Законот не е почитуван поради итноста и специфичноста на одредени набавки наспроти долготрајните процедури кои ги предвидуваат одредбите од истиот.

Прилогот кон Извештајот содржи табела во која се наброени набавките извршени спротивно од одредбите од Законот за јавни набавки;

**Графикон 2**





*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311 -----------------------------

**Препораки и мерки:**

Комисијата за јавни набавки да ги применува одредбите од Законот за јавни набавки.

12. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Уставниот суд на Република Македонија на ден 31 Декември 2004 година и резултатот на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, кај Уставниот суд на Република Македонија не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

14. Преземени се мерки од страна на субјектот по основ на препораките и мерките на ревизорскиот извештај на финансиските извештаи за 2003 година, освен исплатата на плати и надоместоци на претседателот, секретарот, судиите и советниците.

**Скопје, 08/08/2005 година** **Овластен државен ревизор**

**Бранислав Гулев**

## УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1 | 20,581 | 17,629 |
| **Вкупно приходи** | | **20,581** | **17,629** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1 | 14,445 | 16,026 |
| Стоки и други услуги | 3.2.2 | 5,610 | 2,850 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **20,055** | **18,876** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.3.1 | 526 | 1,335 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **526** | **1,335** |
| **Вкупно расходи** | | **20,581** | **20,211** |

Образложенијата дадени од страна 8 до 15 се составен дел на финансиските извештаи

## УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 2 | 58 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2 | 1,254 | 980 |
| Залихи | 4.1.3 | 307 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1,563** | **1,038** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1 | 264 | 0 |
| Материјални средства | 4.2.2 | 2,304 | 2,293 |
| **Вкупно постојани средства** | | **2,568** | **2,293** |
| **Вкупна актива** | | **4,131** | **3,331** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1 | 45 | 0 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2 | 2 | 58 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3 | 34 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4 | 1,175 | 980 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1,256** | **1,038** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4 | 2,875 | 2,293 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **2,875** | **2,293** |
| **Вкупна пасива** | | **4,131** | **3,331** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*
-----------------------------

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА

**000 ден**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал -залихи на материјали | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **2,293** | **-** | **2,293** |
| **Зголемување по основ на:** | **706** | **307** | **1,013** |
| Набавки | 526 | 307 | 833 |
| Корекција од Извештај на ДЗР | 180 | | 180 |
| **Намалување по основ на:** | **431** | **-** | **431** |
| Амортизација | 431 | | 431 |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **2,568** | **307** | **2,875** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*
-----------------------------